Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 17.02.2022

На 16.02.2022 во 18.40 часот, на регионален пат Р1103 клучка Демир Капија, од страна на полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор Михајлово лишен е од слобода Ј.Р.(44) од Гостивар. При контрола на патничко возило „БМВ", со гостиварски регистарски ознаки, кое тој го управувал бил откриени четири лица илегални мигранти од Пакистан. Во 20.10 часот кај место викано Островo, во близина на Неготино, бile откриени уште пет лица илегални мигранти од Пакистан, кои претходно се превезувале со возилото „БМВ", а лишен од слобода е Е.М.(28) од с.Врапчиште. Ј.Р. и Е.М. се приведени во полициска станица и во извршен службен разговор признале дека двајцата учествувале во прифаќањето и превезувањето на илегалните мигранти. Во координација со Јавен обвинител од ОЈО за ГОКК, против лицата во текот на денот ќе биде поднесена кривична пријава за створе кривично дело „криумчарење мигранти" по чл. 418-б ст.2 и ќе бидат изведени пред судија на претходна постапка од Основед суд Скопје, а лицата-илегални мигранти се предадени во прифатно-транзитен центар.

На 16.02.2022 во 20.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Н.Д.(43) од Куманово. Тој е осуден на 7 години и 5 месеци затворска казна за створено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик, а се барал со потерница за доиздржување на 4 години и 2 месеци казна затвор. Лицето ќе биде спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Идризово за доиздржување на казната.

ЕВР Аеродром и Драчево расчисти повеќе кривични дела створени на подрачјето на Аеродром во претходните неколку дена од страна на А.С.(26) од Скопје. Тој бил лишен од слобода на 15.02.2022 околу 16.00 часот, затоа што бил затекнат при извршување кражба во една просторија на Клиниката за стоматологија во Комплексот клиники „Мајка Тереза", по што бил приведен во полициска станица. Во службен разговор со полициски службеници тој признал уште три дела за кои бил осомничен. На 14.02.2022 на ул. „Горѓи Капчев" одзел патничко возило „шкода октавија", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Д.И.(29) од Скопје. Истиот ден (14.02.2022), на ул.„Методија Шаторов Шарло" одзел предмети од возило „фолксваген лупо", со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.Д.(27) од Скопје. Додека, на 15.02.2022 на бул.„Видое Смилевски Бато" извршил тешка кражба од лицето Р.Л.(27) од Скопје. По целосно документирање на случајте против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 17.02.2022 во 00.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.С.(29) од Штип, затоа што кај него биле пронајдени бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 16.02.2022 во 21.35 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.Д.(25) од Скопје и К.Д.(44) од Република Хрватска, со привремено престојувалиште во Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 16.02.2022 околу 22.10 часот во Блок 87 во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Д.С.(21) и А.А.(21) од тетовско Горно Седларце и Н.С.(20) од Тетово, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2022 во 11.50 часот во ОВР Кичево бил приведен У.С.(31) од Кичево кај кого при извршен преглед била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16..02.2022, по претходна судска наредба, полициски службеници од ОВР Струга извршиле претрес во домот на А.А.(34) од струшко село Делогожда. Притоа, бил пронајден и одземен еден пиштол за светлосна звучна сигнализација марка „ZORAKI", калибар 9 милиметри, без соодветна документација. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

По пресмени мерки и активности, полициски службеници од ОВР Свети Николе расчистија кривично дело „тешка кражба" извршено во куќа сопственост на Г.Ц. на ул. „Скопска" во Свети Николе, за кое постоат основи на сомнение дека е извршено од М.М. од Свети Николе. Одземените предмети се пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против М.М. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 31 прекршок, од кои 17 надвор од населено место и 14 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 08.00 до 13.00 часот, спроведена е акциска контрола на возачи кои не даваат предност на минување на пешаци. Притоа биле откриени и санкционирани 13 прекршоци. Санкционирани биле и 44 други видови на прекршоци, од кои 19 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило, 1 за технички неисправно возило, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигурносен појас, 3 за користење мобилен телефон, 6 за прекршоци направени од пешаци и 6 за непрописно паркирање.

На 16.02.2022, во периодот од 08.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е контрола на возачи кои не даваат правенство на пешаците. При контролата откриени и со соодветни поднесоци биле санкционирани 18 возачи (ТЕ-11 и ГВ-7) кои не ги пропуштиле пешаците на обележани пешачки премини, а биле санкционирани и 8 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-2).

На 15.02.2022 во периодот од 08.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат предност на минување на пешаци на пешачки премин. Притоа, биле констатирани и санкционирани 8 прекршоци.

На 16.02.2022 во 14.10 часот во Полициската станица Аеродром, Д.П.(23) од Скопје пријавил дека на паркинг под Железничка станица бил каснат од куче скитник.

На 16.02.2022 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, М.Т.(57) од Скопје пријавила дека на ул.„Ловќенска" била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Н.(42) од Охрид поради постоење основи на сомнение за створени кривични дела „несовесно работење во служба" и „измана во службата". При вонредна контрола во Јавната здравствена установа Општа болница - Охрид, извршена од финансиски контролори од Фондот за здравствено осигурување, било констатирано дека А.Н. во својство на секретар во болницата, со цел за себе да прибави противправна имотна корист, на претпоставеност - директор му поднел лажна документација со пресметки на плата и исплатни листи за периодот од 01.01.2019 до 31.10.2021. Притоа, лажно прикажал повисоки коефициенти за пресметана месечна плата за себе, лажно прикажувајќи се како самостоен стручен соработник - дипломиран правник со правосуден испит, лажен-неоснован коефициент за раководење и одговорност, кои самиот си ги одобрил. Врз основа на тоа му биле исплатени повеќе средства во износ од 77.357 денари.

На 16.02.2022, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Р.Ш.(30), Ф.Б.(36) и И.М.(36), сите од Скопје. Тие се сомничат дека на 13.02.2022 на ул.„Кемал Сејфула" во Скопје одзеле регистарски таблички од патничко возило „форд", сопственост на А.А.(38) од Скопје и ги поставиле на друго возило. По пресмени мерки и при извршен преглед на возило „фолксваген пасат", кое било пронајдено на ул. „Качанички пат" било констатирано дека регистарските таблички припаѓаат на возилото сопственик на А.А.. Исто така, било утврдено дека возачот Р.Ш. не поседува документи за возилото „фолксваген пасат". Табличките и возилото биле одземени, а лицата биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка. За случајот бил известен Јавен обвинител и по негово целосно документирање против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2022 во 16.55 часот, полициски службеници од СВР Куманово, врз основа на судска наредба, го лишиле од слобода А.Ш.(26) од Куманово. Тој се барал со потерница за издржување на казна затвор за створено кривично дело по член 206 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор К'шајле за издржување на казната.

На 17.02.2022 во 09.42 часот во СВР Штип, од Казнено-поправната установа Затвор Штип било пријавено дека при претрес во полуотвореното одделение била пронајдена прашкаста материја. Полициски службеници од СВР Штип извршиле увид и ја одзеле прашкаста материја за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.И.(63) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за створено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца". На 27.01.2022, кај селото Подмоџиле при контрола на патничко возило „фолксваген голф", со охридски регистарски таблици, управувано од приграениот, а во сопственост на правно лице од Охрид, полициски службеници констатирале дека врши превоз на патници на релацијата Охрид-Струга без соодветна документација за превоз на патници во внатрешниот сообраќај, издадена од надлежен државен орган.

На 16.02.2022 во 14.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода 35-годишниот М.И. од тетовска Голема Речица, затоа што околу 13.00 часот во деловен објект на 62-годишниот А.И. од истото село му барал пари за наводен долг, му се заканувал со огнено оружје, а оштетил и дел од инвентарот во објектот. Се расчистува и документира случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.П.(53) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за створено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес во неговиот дом во Кичево, извршен со судска наредба, полициските службеници пронашле и одзеле коканн.

На 16.02.2022 во 20.50 часот на автопат Гевгелија – Демир Капија, кај клучка Миравци, патничко возило „мерцедес", со бугарски национални ознаки, не сопрело на даден знак за запирање од полициски службеници. Набргу потоа, возилото било пронајдено и при преглед во него биле пронајдени девет лица - мигранти (7 од Индија и по едно лице од Авганистан и од Пакистан). Мигрантите биле спроведени и сместени во Прифатно-транзитен центар „Винојум" -Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Гази Баба, К.У.(27) од с.Сопиште пријавил дека околу 09.40 часот, додека бил на неговото работно место во фирма на подрачјето на Гази Баба, бил физички нападнат од сопственикот М.Ѓ.(73). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Карпош, Ф.Б.(23) пријавил дека на ул.„Козле" бил каснат од куче скитник.

На 16.02.2022 околу 06.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Сопиште, скопско, настанал пожар во куќа сопственост на А.Д.(63). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а при гаснењето еден пожарникар се здобил со повреди.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.П.(19) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за створено кривично дело „неовластено производство и пуштање на промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.02.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при кој притоа пронашле и одзеле марихуана.

На 16.02.2022 во 19.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во стан на ул.„Адолф Циборовски", сопственост на Т.Т.. Пожарот бил локализиран од Противпожарната бригада од Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 16.02.2022 во 16.25 часот во СВР Скопје, С.Р.(33) од Скопје пријавила дека во с.Визбегово била касната од куче скитник.

На 16.02.2022 во 18.45 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека во стан на ул.„Вера Јоцик" бил пронајден починат П.А.(60). Екипа на Итна медицинска помош констатирала смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено на одбукција.

На 16.02.2022 во 17.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа во с.Нова Брезница, скопско. Во пожарот куќата целосно изгорела, а внатре бил пронајден починат Ѓ.Т.(82) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на одбукција.